# З А П И С Н И К

## Од Дваесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 18.12.2025 година, во 13:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и втората седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Миле Грозданоски, Маја Седрак, Владимир Палашевски и Марјан Велевски.*

Онлајн присутни на седницата: *Музбајдин Ќамиљи, Томислав Кежаровски и Беким Лачи.*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација.*

Дваесет и втората седница на Програмскиот совет започна во 13:19 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и втората седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 21-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Започнување со постапка за донесување на нов Статут на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 21-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дваесет и првата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Започнување со постапка за донесување на нов Статут на МРТ**

Во своето излагање, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, најнапред констатираше дека до Советот се доставени предлози за измени и дополнувања на текстот на новиот Статут на МРТ од страна на Директорот на МРТ, кој согласно член 75 од важечкиот Статут е овластен предлагач на општите акти. Воедно беше истакнато дека, согласно член 74 од Статутот, Програмскиот совет го донесува Статутот на МРТ во рамки на својата исклучива надлежност.

Во таа насока, Претседателот укажа дека при разгледувањето на Предлог-статутот е констатирана потреба од интервенции во текстот со цел негово целосно усогласување со важечката законска рамка и терминологија, при што беше нагласено дека на сите релевантни места во текстот треба доследно да се користи уставното име на државата и кратенката РСМ. Дополнително, беше посочено дека во член 11, алинеја 13, треба да се изврши бришење на одредбата која се однесува на телетекст, како содржина што повеќе не е функционално и програмски релевантна.

Понатаму, Претседателот укажа дека по Главата VI од Статутот е потребно да се додаде посебна глава со назив „Стандарди и начела“, како нова Глава VII, во согласност со член 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во однос на член 36 став 4, беше истакнато дека предложената формулација треба да се измени и усогласи со одредбите од член 117 од истиот закон, со оглед на тоа што постојната формулација не е доволно јасна и произлегува од претходно законско решение и поинаков начин на избор на членовите на Програмскиот совет.

Во продолжение, беше посочено дека во член 37 став 1 алинеја 1 е потребно терминолошко и суштинско прецизирање, при што формулацијата „утврдени во овој закон“ треба да се замени со „утврдени со закон“, односно со целосниот назив на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Истото прецизирање беше предложено и во член 60 став 1 алинеи 1 и 10, во делот кој се однесува на надлежностите на Директорот на МРТ, каде што упатувањата „со овој закон“ и „предвидени со овој закон“ треба да се усогласат со формулацијата „со закон“, односно со целосниот назив на релевантниот закон.

Дополнително, Претседателот укажа на потребата од техничко доуредување и лекторирање на текстот. Во однос на член 82, беше предложено доуредување на одредбата со која се уредува транспарентноста, така што коментарите, забелешките и предлозите на публиката за работењето на МРТ, заедно со одговорите на Програмскиот совет, ќе се објавуваат на интернет страницата на МРТ, односно во рамки на записниците од седниците на Програмскиот совет.

На крај, во делот на Преодните и завршните одредби, Претседателот констатираше дека член 86 од актуелниот Статут, кој се однесува на роковите за донесување на општите акти, е вон сила и како таков треба да биде избришан од текстот на Статутот. Претседателот нагласи дека сите предложени интервенции имаат за цел обезбедување на јасен, прецизен и правно усогласен Статут, кој ќе претставува основа за понатамошното работење и развој на МРТ.

На ова имаше коментар Миле Гроздноски кој рече дека член 84 од Статутот треба да дополни согласно член 91 и 92 од ЗААВМУ.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 22.12.2025 година во 10:00 часот.
Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Дваесет и втората седница на Програмски совет на МРТ во 14:03 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-7027/2
18.12.2025г.

__________________________

Давор Пашоски